# МУЗИЧКИ МОМЕНТИ

# КОНЦЕРТ



ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА ИВАНОВСКА

Петок 15.12. 2017

Хотел Аполонија 19:00 часот

**ПРОГРАМА:**

## Ф. Шуберт / Ф. Лист:

*"Gretchen am Spinnrade"*
*(" Greta kaj vretenoto")*

*"Auf dem Wasser zu singen"*
*("Peejki na voda")*

## С. Рахмањинов:

*Preludiumi op. 4, 5*

## Р. Аврамовски:

*"Tri ispovedni molitvi"*

## П. И. Чајковски:

*Grande S onata, op.37, G-dur*

- *Moderatoe risoluto*
- *Andante non troppo guasi moderato*
- *Scherzo, allegro giocoso*
- *Finale, allegro vivace*

***Елена Атанасовска-Ивановска** е една од најуспешните и најафирмираните пијанисти во Република Македонија, која активно учествува во музичкиот живот во земјава, но и надвор од неа. Основното и средното музичко образование го завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во класата на проф. Лепа Мрмевска. Дипломира со највисока оцена CUM LAUDE на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на еминентниот проф. Борис Романов. Во 2005 година завршува постдипломски студии во класата на истиот професор.*
*Во текот на музичкото образование се здобива со награди на државни и меѓународни натпревари.*
*Повеќепати има соло настапи со Македонската Филхармонија и концертите во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето", „Скопско Лето", „Есенски музички свечености", „Интерфест Битола", „Денови на Македонска музика", „Битолско лето", „Гевгелиска есен", но и фестивали надвор од земјава: „Сараевска Зима" , „Festival de Musica do palacio da Bolsa" - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes" – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije"- Р.Србија, „Carniarmonie", „Нимус"- Р. Србија, „ДАМ фестивал"- Приштина, Косово и др.*
*Со рецитали, полурецитали и како пијано соработник настапува низ цела Македонија и надвор од неа: Русија, Америка, Франција, Шпанија, Португалија, Италија, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово.*
*Во 2015 година имаше успешен настап во Москва, каде настапи како гостин на концертот на дувачкиот квинтет од „Балшој Театар", Москва, а по покана од музичкото училиште „М. Балакирјев", беше член на жири на 11-от Фестивал за Славјанска музика, во категорија пијано.*
*Соработува со Македонската Филхармонија како нејзин надворешен пијанист, како и со оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S.*